# Џиу Џица Федерација на Република северна Македонија

# ПРАВИЛНИК за работа на ДАН Комисијата

Скопје, 2021 година

Врз основа на член 22 од Статутот на Џиу џица Федерацијата на Македонија, извршниот одбор на Федерацијата на својата седница одржана на ден 21.10.2021 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК за работа на ДАН Комисијата

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува работата на ДАН Комисијата, начинот, постапката, и условите за напредување во појаси – степени

Член 2

ДАН Комисијата е помошно тело на Џиу џица Федерацијата на РСМ и брои 5 (пет) члена. ДАН Комисијата ја избира Извршниот Одбор од редот на највисоките ДАН степени од државата, при што истите треба да имаат најдобри познавања на Џиу џица вештината. Мандатот на членовите на ДАН Комисијата трае 4 (четири) години и истите може да бидат повеќе пати избирани.

Член 3

Од членовите на ДАН Комисијата, членот со највисок мајсторски степен се избира за претседател на ДАН Комисијата.

Член 4

ДАН Комисијата работи на седници, на кои се води записник. Седниците се одржуваат по потреба, но најмалку два пати годишно. Седниците ги закажува и води Претседателот на ДАН Комисијата. Седниците можат да се одржуваат и со посредство на електронските комуникации: интернет, телефонски врски, видео итн. Учеството, записникот и гласањето од таквата седница треба да бидат авторизирани по седницата.

Член 5

Одлуките на ДАН Комисијата се донесуваат на седници на кои се присутни повеќе од половината нејзини членови, со мнозинство на гласови, од присутните членови. По еден примерок од сите пишувани материјали кои произлегуваат од работењето на ДАН Комисијата задолжително се доставуваат до архивата на Федерацијата.

Член 6

Заради остварување на својата основна цел, испитување на степенот на познавање на Џиу џица техниката и теоријата, Претседателот на ДАН Комисијата формира комисија од 3 (три) члена која треба да го спроведе најавениот испит, согласно усвоената програма за полагање на појаси на ЏЏФРСМ, а може да присуствува и целата ДАН Комисија.

Член 7

ДАН Комисијата согласно правилата на Европската Џиу џица Унија (JJEУ) и Меѓународната Џиу џица Федерација (JJИФ), може да организира испити максимум до мајсторски појас - степен 5 –ти ДАН. Испитите за 6-ти, 7-ми и 8-ми ДАН ги организира Европската Џиу џица Федерација, додека испитите за 9-ти и 10-ти ДАН ги организира Меѓународната Џиу џица Федерација. Доколку некој спортист се стекнал со повисок појас пред некоја странска држава, добиената диплома ја верифицира ДАН Комисијата при ЏЏФРСМ и истиот појас се заведува во регистарот за ДАН појаси на ЏЏФРСМ. Доколку некој СПОРТИСТ сака да полага за повисок степен во некоја странска земја, истиот задолжително треба да го образложи ова свое барање (работа, подолг престој, студии итн.) и задолжително треба да побара согласност од ДАН Комисијата при ЏЏФРСМ. Џиу џица Федерацијата води посебен регистар за носители на ученички појаси (КЈУ) и посебен регистер за носители на мајсторски појаси (ДАН)

Член 8

Секој кандидат за полагање за појас пополнува образец – пријава која што е составен дел од овој правилник:

Член 9

Напредувањето во Џиу џица појаси – степени е согласно возраста, времето на вежбање поминато во претходниот стекнат појас – степен, успехот на натпреварувачки план, познавањето на Џиу џица практиката и теоријата, и е поделено на:

- Програма за ученички (КЈУ) појаси
- Програма за мајсторски (ДАН) појаси

Програмите на предлог од ДАН комисијата ги донесува извршниот одбор на ЏЏФРСМ.

Член 10

ДАН Комисијата на барање од клубовите дава согласност за одржување на испити за ученички појаси до син појас (2- КЈУ). ДАН Комисијата е должна да испрати еден член да присуствува на спроведувањето на испитот, при полагање за појаси. Право на испитување при полагање за ученички појаси (од жолт до син), има тренерот на клубот, кој треба да е носител на минимум мајсторски црн појас 1 – ДАН, заверен во ДАН регистереот на ЏЏФРСМ. Испитот за доделување на мајсторски појас (кафеав, 1 КЈУ) и испитите за доделување на мајсторски (црн појас) појаси до 5-ти ДАН ги спроведува ДАН Комисијата согласно усвоениот правилник. За положените појаси по завршување на полагањето, кандидатите кои успешно го положиле испитот за определениот појас, добиваат потврда за истиот, а по список и налог на ДАН Комисијата ќе бидат изготвени адекватни дипломи од ЏЏФРСМ и истите ќе бидат заведени во регистарот за ученички/мајсторски појасистепени на ЏЏФРСМ.

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Програмата за напредување на ученичките појаси е поделена на пет групи кои заедно ја сочинуваат основата на џиу џица – техника и оваа програма е наречена ГО КЈО (пет принципи) Со цел да се обезбеди континуитет во напредувањето и подобро совладување на предвидени техники - за соодветен Кју појас, испитот за ученички појаси (од 5 до 1 Кју) може да се полага и во два циклуси - односно полагање на половина од вкупниот број на техники предвидени за соодветен појас, за кое кандидатот добива потврда за положен прв циклус - што претставува прв степен на преод од еден во друг појас. На следното редовно полагање, кандидатот кој има потврда, го полага преостанатиот дел од програмата за соодветниот појас и по успешната презентација се стекнува со Диплома за соодветен ученички појас. Дискреционо право на Комисијата е дали ќе додели потврда или диплома, во зависност од нивото на познавање на џудо програмата.

**I УЧЕНИЧКИ (КЈУ) ПОЈАСИ**

- жолт појас (5 КЈУ)
- портокалов појас (4КЈУ)
- зелен појас (3 КЈУ)
- син појас (2 КЈУ)
- кафеав појас (1 КЈУ)

Право на полагање ученички појаси (КЈУ) се стекнува:

- за 5 КЈУ, по 4 месеци редовно вежбање
- за 4 КЈУ, 6 месеци по испитот за 5 КЈУ
- за 3 КЈУ, 8 месеци по испитот за 4 КЈУ
- за 2 КЈУ, 10 месеци по испитот за 3 КЈУ
- за 1 КЈУ, 12 месеци по испитот за 2 КЈУ

## II МАЈСТОРСКИ (ДАН) ПОЈАСИ

Програмата за напредување на мајсторски појаси е поделена на:

- Прв степен – Црн појас (1 ДАН)
- Втор степен – Црн појас (2 ДАН)
- Трет степен – Црн појас (3 ДАН)
- Четврти степен – Црн појас (4 ДАН)
- Петти степен – Црн појас (5 ДАН)
- Шести степен – Црвено бел појас (6 ДАН)
- Седми степен – Црвено бел појас (7 ДАН)
- Осми степен – Црвено бел појас (8 ДАН)
- Деветти степен – Црвен појас (9 ДАН)
- Десетти степен – Црвен појас (10 ДАН)

Право на полагање на мајсторски појаси (ДАН) се стекнува

- 1 ДАН, 1 година по стекнување на 1 КЈУ- минимум 15 години возраст
- 2 ДАН, 2 години по стекнување на 1 ДАН – минимум 17 години возраст
- 3 ДАН, 3 години по стекнување на 2 ДАН – минимум 20 години возраст
- 4 ДАН, 4 години по стекнување на 3 ДАН – минимум 24 години возраст
- 5 ДАН, на предлог на ДАН КОЛЕГИУМ на ЏЏФРСМ – минимум 29 години возраст
- За полагање за мајсторски ДАН степен (1до 5) можат да се пријават сите кандидати, кои се Џиу џица субјекти (натпреварувачи, судии, тренери, функционери) - Кандидатите-натпреварувачи морат да ги исполнат следните критериуми:

А) натпреварувачки резултати – со над 120 поени ,се исполнува критериум за стекнување на услов за полагање . Национални натпревари – државни првенства Кадети: 1. место – 40 поени, 2. место - 30 поени, 3. место – 20 поени. Јуниори : 1. место – 50 поени, 2. место – 40 поени, 3. место – 3- поени. Сениори – 23 години 1. место – 60 поени, 2. место 50 поени, 3. место – 60 поени Meѓународни натпревари Кадети: 1. место – 60 поени, 2. место - 50 поени, 3. место – 40 поени. Јуниори : 1. место – 70 поени, 2. место – 60 поени, 3. место –50- поени. Сениори – 23 год. 1. место – 100 поени, 2. место 85 поени, 3. место – 70 поени

Б) Кандидатите кои не се активни натпреварувачи: 1 ДАН, 2година по стекнување на 1 КЈУ- минимум 20 години возраст - 2 ДАН, 4 години по стекнување на 1 ДАН – минимум 25 години возраст - 3 ДАН, 6 години по стекнување на 2 ДАН – минимум 30 години возраст - 4 ДАН, 8 години

по стекнување на 3 ДАН – минимум 35 години возраст - 5 ДАН, на предлог на ДАН КОЛЕГИУМ на ЏЏФРСМ – минимум 45 години возраст .

Член 11

ДАН Комисијата може да додели и почесен мајсторски појас - степен, (само еден степен повисок од оној што го поседува) на одреден Џиу џица субјект (врвен натпреварувач, спортски работник, тренер, судија или истакнат научен соработник...) На едно лице може да му биде доделен почесен појас - степен само еднаш во десет години .

Член 12

ДАН Комисијата може да додели мајсторски појас – степен и доколку одреден кандидат оствари врвен резултат (прво место – златен медал) на Балканско, Европско или Светско првенство, доколку се најде во ТОП 5 борци во Светот објавено на Светската ранг листа или доколку биде прогласен за "спортист на годината" во сениорска конкуренција од меродавна институција во случајов Министерство за спорт. (Може да се додели само еден степен или појас повисок од оној што во моментот го поседува во услови пропишани во овој Правилник во посебни одредби).

Член 13

Секој клуб е должен за секое одржување на испитот за ученички појаси – од жолт до син, задолжително да ја извести ДАН Комисијата и да побара претставник од истата - кој што ќе присуствува на полагањето. Исто така, клубот е дожен после одржувањето на испитот за ученички појаси – степени, во присуство на член од ДАН Комисијата, да достави список на положените кандидати, со назнака за кој појас положиле, со цел истите да бидат внесени во регистерот на ученички појаси.

Член 14

Таксата за полагање за ученички (КЈУ) појаси од (жолт до син) изнесува 15 евра (во денарска противвредност по среден курс на НБРМ). Таксата за полагање за кандидат мајсторски (кафеав појас) (1КЈУ) изнесува 25 евра (во денарска против вредност по среден курс на НБРМ).

Член 15

Таксата за полагање за мајсторски (црн појас) изнесува 50 евра (во денарска против вредност по среден курс на НБРМ) во која цена е пресметана и цената на дипломата, доколку кандидатот го положи испитот за соодветниот појас. За секој наредн ДАН степен кандидатите се должни да уплатат 100 евра (во денарска против вредност по среден курс на НБРМ). Таксите за полагање на ученички и мајсторски појаси се уплаќаат на жиро сметка на ЏЏФРСМ.

Член 16

Секој кандидат задолжително мора да ги пополни обрасците предвидени со овој Правилник – пријава ОБ.01/ДК, ОБ.02/ДК, ОБ.03/ДК (составен дел на Член 8 од овој правилник), најдоцна седум дена пред одржувањето на испитот. Пријавата се поднесува до Џиу џица Федерацијата на Република северна Македонија (ЏЏФРСМ) со назнака за ДАН Комисијата, најдоцна седум дена пред претходно закажаниот термин од страна на ДАН Комисијата. Канцеларијата на ЏЏФРСМ е должна за секој пријавен кандидат да достави потврда од дисциплинската комисија на ЏЏФРСМ во која треба да стои одредба дека против кандидатот не е изречена дисциплинска мерка или не се води дисциплинска постапка. Доколку е изречена дисциплинска мерка или доколку е покрената и се води против него дисциплинска постапка, кандидатот не може да се пријави за полагање на повисок појас – степен.

Член 17

ДАН Комисијата е должна претходно да ја разгледа пристигната документација (пропишана со овој Правилник) и записнички да констатира дека се исполнети условите и критериумите пропишани со овој Правилник. Кандидатот за полагање на ученички/мајсторски појас е должен да се појави на полагањето во бело Џиу џица -ги кимоно, кое треба да биде чисто, испрано, пеглано и во склад со неговите телесни мерки (висина и тежина), согласно Џиу џица кодексот. Џиу џица Федерацијата е должна од прибавените парични средства од полагање за 1КЈУ и ДАН степените, 20% од средствата да му исплати на клубот каде што ќе се одржува полагањето, 20% од паричните средства да ги задржи ЏЏФРСМ како надомест за административни трошоци на Федерацијата и 60% од паричните средства да се исплатат како надомест на дневни трошоци за ДАН Комисија што ќе го спроведе полагањето.

Член 18

По успешно завршените испити за полагање за повисоки појаси – степени кандидатите добиваат соодветна диплома ( за: жолт, портокалов, зелен, син, кафеав, црн и итн...) Дизајнот на дипломите